Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 89-та седница одржана на 20.07.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3060/1 од 26.06.2023 година, против ______ ________ _________ судија во ________ _________ ___ ________, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-3060/1 од 26.06.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 26.06.2023 година, поднесена е пријава против ______ ________ _________ судија во ________ _________ ___ ________, за неправилности и нерегуларности на спроведена стечајна постапка, при што оформен е предмет број 12-3060/1 од 26.06.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува сомнеж за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување на стечаен судија при ________ _________ ___ и судија на ________ ___ ________, при спроведена стечајна постапка и донесени судски Решенија.

Станува збор за поништено на еднаш донесено Решение за стекнување правен статус на бесправен објект во стечајна постапка и донесено ново Решение спротивно на Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација.

Донесеното судско Решение било обжалено до _________ _______ и по истото се постапувало така што од _________ _______ жалбата била отфрлена како недозволена. Се наведува дека била поднесена и кривична пријава до ОЈО Скопје.

До ДКСК доставена е и дополна на веќе поднесената пријава од ист подносител со слични наводи а против истиот судија, каде се посочува на намерно и несовесно вршење на судиската функција и сторена професионална грешка при постапување по предмет на I ВПП бр.26/22 на ________ _________ ___ ________.

Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се и докази.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По однос наводите истакнати во пријавата за незадоволство на донесени судски одлуки на судија, а со оглед на фактот и врз основа од увидот на приложеното дека истата пријава е испратена и до Судскиот совет, ДКСК утврди дека нема еленти за нејзино надлежно постапување, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Изработил: П.Б
Одобрил: м-р.,Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**